Врз основа на член 116 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 23 став (1) точка 2) алинеја 1 од Статутот на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија бр. 01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седница одржана на 12 октомври 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за отфрлање на барање за повторување на постапка**

1. Барањето за повторување на постапката УП1 12-141/21 од 13 август 2021 година доставено од Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт - импорт Скопје се ОТФРЛА како правно неосновано.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт - импорт Скопје со седиште на ул. „Наум Наумовски Борче“ бр. 40 кат 5-ти локал 13, Скопје (во натамошниот текст: Друштво) до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), на 4 октомври 2021 година, поднесе ургенција за барање за повторување на постапка УП1 12-141/21 по основ на Одлуката УП1 бр. 11-141/21 од 29 јули 2021 година на Регулаторната комисија за енергетика со која се одбива Барањето на Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт - импорт Скопје УП1 бр.12-141/21 од 23 јули 2021 година за продолжување на лиценцата за пробна работа на малата хидроелектроцентрала „МХЕЦ Пена со реф. бр. 407“ издадена со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 214/19, 173/20, 65/21 и 98/21).

Во наводите на ургенцијата Друштвото нагласува дека до денот на поднесувањето на Ургенцијата, Регулаторната комисија за енергетика се нема произнесено по однос на Барањето за повторување на постапката УП1 12-141/21 од 13 август 2021 година, односно нема донесено одлука ниту доставено било какво известување до Друштвото. Воедно со предметната Ургенција, Друштвото бара Регулаторната комисија за енергетика веднаш да постапи и да донесе Одлука по основ на поднесеното Барање за повторување на постапката УП1 12-141/21 од 13 август 2021 година.

Регулаторната комисија за енергетика, по однос на предметните наводи како во ургенцијата така и во основното барање за повторување на постапката УП1 12-141/21 од 13 август 2021 година, ги има земено во предвид одредбите на членовите 104 и 114 од Законот за општата управна постапка. Имено согласно цитираните членови:

„Член 104

(1) Странката има право на правна заштита против секое управно дејствие или пропуштање на управно дејствие, ако тврди дека со тоа дејствие или пропуштање се повредени нејзините права или правни интереси.

(2) Правни лекови се:

- жалбата;
- повторувањето на постапката и
- приговорот.

(3) Исцрпувањето на жалбата, односно приговорот е предуслов за поведување спор пред надлежниот суд, ако со закон е загарантирана жалбата, односно приговорот.

(4) Кога жалбата, односно приговорот не се загарантирани со закон, странката има право да поведе управен спор.“

Член 114

(1) Кога рокот за поднесување жалба против управен акт истекол, јавниот орган што го издал актот ја повторува постапката на барање од странката поради следните исклучителни причини:

- се дознае за нови факти, или се најде или се стекне можност да се употребат нови докази кои, сами или во врска со веќе изведените и употребените докази, би можеле да доведат до поинаков управен акт, ако тие факти, односно докази биле изнесени или употребени во поранешната постапка;
- управниот акт е донесен врз основа на лажна исправа или лажен исказ на сведок или вештак, или ако дошол како последица од некакво дело казниво според Кривичниот законик;
- управниот акт се заснова врз пресуда донесена во кривична постапка, а таа пресуда е правосилно укината;
- управниот акт е поволен за странката и е донесен врз основа на невистинити наводи на странката, со кои органот што ја водел постапката бил доведен во заблуда;
- управниот акт на органот што ја водел постапката се заснова врз некое претходно прашање, а надлежниот орган тоа прашање подоцна го решил поинаку во суштествените точки;
- во донесувањето на управниот акт учествувало службеното лице кое според законот морало да биде изземено;
- управниот акт го донело службеното лице на надлежниот орган што не било овластено за негово донесување;
- колегијалниот орган што го донел управниот акт не решавал во составот предвиден со важечките прописи или ако за управниот акт не гласало пропишаното мнозинство;
- на лицето кое требало да учествува во својство на странка не му била дадена можност да учествува во постапката и
- странката не ја застапувал застапникот по закон, а според законот требало да ја застапува.

(2) Постапката се повторува само ако странката, без своја вина, не била во состојба во поранешната управна постапка да ги изнесе причините поради кои бара повторување, особено по пат на правен лек, а ако некоја од овие причини би можела да доведе до издавање на поповолен управен акт, доколку тие биле изнесени во поранешната управна постапка.“

Од содржината на цитираните законски одредби недвосмислено произлегува дека:

– согласно член 104 став (2), повторувањето на постапката претставува правен лек;
– согласно член 104 став (3), исцрпувањето на жалбата, односно приговорот е предуслов за поведување спор пред надлежниот суд;
– согласно член 104 став (4), кога жалбата, односно приговорот не се загарантирани со закон, странката има право да поведе управен спор и

– согласно член 114 став (1) воведна реченица, кога рокот за поднесување жалба против управен акт истекол, јавниот орган што го издал актот ја повторува постапката на барање од странката поради следните исклучителни причини,

што во преглед на изнесеното како содржина која се гледа интегрирано недвосмислено укажува дека ставот на законодавецот е јасен во смисла на тоа дека **Законот за општата управна постапка предвидува повторување на постапката само во случај на управен акт против кој е предвидена жалба како правен лек, а не и тужба за управен спор**. Со оглед на тоа дека во Одлуката УП1 бр. 11-141/21 од 29 јули 2021 година на Регулаторната комисија за енергетика со која се одбива Барањето на Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт - импорт Скопје УП1 бр.12-141/21 од 23 јули 2021 година за продолжување на лиценцата за пробна работа на малата хидроелектроцентрала „МХЕЦ  Пена со реф. бр. 407" не е утврдена жалба како правен лек туку се упатува на можноста за поведување на управен спор, правно е основано Регулаторната комисија за енергетика да го отфрли Барањето за повторување на постапката УП1 12-141/21 од 13 август 2021 година како правно неосновано.

Воедно би сакале да укажеме дека наводите на предметното барање на Друштвото по однос на фактот дека Регулаторната комисија за енергетика воопшто се нема произнесено, се намерно погрешно претставени во Ургенцијата, со оглед на тоа што веднаш по добивање на предметното барање, а во интерес на Друштвото беше организиран состанок во просториите на Регулаторната комисија за енергетика со претставници на Друштвото. Темата на состанокот беше правната основаност на предметното Барање за повторување на постапката при што усно им беа предочени претходно цитираните законски одредби и конклудентно и консеквентно се прифати изнесеното за правната неоснованост за барањето за повторување на постапката за што претставниците на Друштвото се согласија дека ќе поведат управен спор согласно Законот за општата управна постапка.

Врз основа на горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика ја донесе предметната одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје може во рок од 30 дена да поведе управен спор.

**УП1 12-141/21**

**12.10.2021 година**

**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**

**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**